ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УПРАВНО-НАДЗОРНИ РАБОТИ

СЕКТОР ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА САМПУПРАВА И УПРАВНО-НАДЗОРНИ РАБОТИ

31-957/2

Дата 24-02-2020

Министерството за животна средина и просторно планирање, врз основа на член 87 од Законот за општа управна постапка (Службен весник на РМ, бр. 124/15), донесува

# РЕШЕНИЕ
## за измена на дозвола

Во дозволата бр.УП1-23-131/2016 од 13.03.2016 година за вршење на дејност собирање и транспортирање на опасен отпад издадена на Друштво за депонирање на комунален отпад ДРИСЛА – СКОПЈЕ ДОО Батинци, Студеничани, се врши измена на називот на носителот на дозволата во точка 1, односно:

- Зборовите "Друштво за депонирање на комунален отпад ДРИСЛА-СКОПЈЕ ДОО Батинци, Студеничани" се заменуваат со зборовите "Јавно претпријатие за депонирање на комунален отпад ДРИСЛА Скопје"

Оваа измена има правно дејство од денот од кој има правно дејство дозволата.

### Образложение

Овој орган издаде дозвола бр.УП1-23-131/2016 од 13.03.2016 година со која на Друштвото за депонирање на комунален отпад ДРИСЛА-СКОПЈЕ ДОО Батинци, Студеничани му се дозволи да врши дејност собирање и транспортирање на опасен отпад. ЈПДКО ДРИСЛА-СКОПЈЕ на ден 31.01.2020 година поднесе барање со арх.бр.19-957/1 за измени во дозволата бр.УП1-23-131/2016 од 13.03.2016 год, поради трансформација на барателот во јавно претпријатие. Промената на називот на претпријатието е регистрирана во Централниот регистар и за истата е приложена тековна состојба. По разгледување на доставената документација, во предметната дозвола за собирање и транспортирање на опасен отпад, во смисла на член 122 од Законот за општа управна постапка, извршена е исправка според диспозитивот.

Упатство за правно средство: Против ова решение може да се изјави жалба до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапки од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена, таксирана со 250,00 денари админстративни такси на уплатна сметка 840XXX031 61 во рамките на трезорска сметка

МИНИСТЕР
Naser Nuredini



Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДЕПОНИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД ДРИСЛА СКОПЈЕ
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR DEPONIMIN E MBETURINAVE KOMUNALE DRISLLA SHKUP

| Примено: Pranuar: | 06.03.2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| 03 | 227/1 | | |